Врз основа на член 104 став (5) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20,78/25 и 132/25), министерката за образование и наука донесе:

**Правилник**
**за начинот на наменското користење на средствата кои средното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците**

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на наменското користење на средствата кои средното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците.

Член 2

Средства кои средното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците се по основ на:

- фотографирање на учениците,
- обезбедување на училишните униформи за учениците,
- обезбедување на учениците, вработените и имотот на средното училиште,
- списанија и стручна литература за учениците,
- и слично.

Член 3

Користењето на средствата стекнати согласно членот 2 од овој правилник е строго наменско и истите се користат врз основа на претходно спроведена набавка за намената за која се предвидени, почитувајќи ги начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу понудувачите, транспарентност, еднаков третман на понудувачите и сразмерност.

Член 4

Постапката од член 3 од овој правилник, ја спроведува Комисија за спроведување на набавка за избор на најповолен економски оператор, односно најповолна понуда за потребите на средното училиште, формирана со одлука на Училишниот/Управниот одбор.
Комисија од став 1 на овој член, се состои од три члена и тоа: претседател на Комисијата кој е од редот на вработените наставници /стручни соработници во училиштето и два члена од редот на членовите на Советот на родителите во училиштето .

Член 5

Средното училиште е должно на почетокот на секоја учебна година да направи план за наменско користење на средствата кои ги собира училиштето од родителите, односно старателите на учениците.

Согласно планот, односно планираниот почеток, Комисијата од член 4 од овој правилник доставува покана за прибирање на понуди до најмалку три економски оператори, во исто време и

на ист начин, зависно од потребата на училиштето за некои од основите од член 2 на овој правилник.

Поканата треба да содржи податоци за потребата на училиштето за конкретната намена со опис и технички спецификации за предметот на набавка, рокот и часот до кога треба да се достави понудата од економскиот оператор, начинот и условите потребни за реализација на предметот на набавка, како и критериум за избор - најниска цена по кој ќе се врши евалуација на понудите.

Член 6

По крајниот рок за прибирање на понудите од економските оператори, Комисијата од член 4 од овој правилник врши евалуација на понудите согласно условите и барањата во поканата за прибирање на понуди и критериумот – најниска цена, при што изготвува записник од отворање на понудите.

Доколку понудите од економските оператори ги исполнуваат условите и барањата од поканата за прибирање на понуди, Комисијата составува извештај со предлог за најповолна понуда користејќи го критериумот најниска цена.

Член 7

Училишниот/Управниот одбор го прифаќа или одбива предлогот на Комисијата од член 4 од овој правилник со соодветна одлука.

По извршениот избор на најповолен економски оператор, родителите, односно старателите на учениците од средните училишта, преку Советот на родители ги добиваат потребните податоци (име на економскиот оператор, жиро сметка, банката на која ќе се изврши уплата, како и износот на кој треба да се изврши уплатата на средствата за соодветната намена) за што родителите, односно старателите на учениците директно вршат уплата на средства кон избраниот економски оператор.

Уплата на средствата може да изврши и еден родител, односно старател, определен за уплата на собраните средства од паралелката, а која се однесува за уплата од страна на сите ученици согласно намените од член 2 од овој правилник.

Член 8

Доколку Советот на Општината на чие подрачје е средното училиште донесе одлука за користење на училишни униформи од страна на учениците, општината истите ги набавува со средства од сопствени приходи, согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Доколку на ниво на училиште, Советот на родители донесе одлука за воведување на училишна униформа за учениците, истиот го известува училишниот/ управниот одбор, а Комисијата набавката ја спроведува согласно одредбите од овој правилник.

Избраниот економски оператор во постапките од став 1 и 2 на овој член, должен е да ги стави на располагање ученичките униформи или дел од нив за дополнителна продажба по писмено барање на родителите/старателите на учениците, по цена која не е повисока од договорената.

Финансиската обврска за дополнително бараните униформи или дел од нив, паѓа на товар на родителите/старателите на учениците.

Член 9

При спроведување на набавка на стоки и услуги опишани во член 2 од овој правилник задолжително се применуваат начелата од Законот за јавните набавки.

Член 10

Средното училиште, по утврдена потреба од страна на Советот на родители, може да организира хуманитарна акција, пригоден настан и/или базар со цел прибирање на финансиски средства преку понуда на одредени стоки, рачни изработки или услуги од страна на родителите, односно старателите на учениците или самите ученици во средното училиште, а обезбедените финансиски средства да се користат за: набавка на материјали за развој на воспитно-образовната дејност за потребите на училиштето,учество на учениците на домашни и меѓународни натпревари, лекување на ученик (кое со медицинска или друга соодветна документација ја потврдува потребата од хуманитарна помош) и слично.

Финансиските средства од ставот 1 од овој член, од страна на училиштето се доставуваат со извештај до претседателот на Советот на родители, а Советот на родители со мнозинство на гласови одлучува за која намена од став 1 на овој член ќе се искористат собраните средства и за истото доставува предлог до училишниот/ управниот одбор на средното училиште.

По исклучок од ставот 2 на овој член, финансиските средства обезбедени за лекување на ученик, од страна на претседателот на Советот на родители се уплаќаат директно на сметка на родителот, односно старателот на ученикот за кого се наменети.

Училишниот/Управен одбор донесува одлука за користење на средствата од став 2 на овој член.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Бр.13-12625/ 1
29.09.2025 година